# ИНФОРМАТОР

На 16.11.1996 година Здружението на социолозите на Република Македонија организира регионална средба на социолозите во Македонија на која за промените и иновациите во воспитно-образовниот систем со посебен акцент на средното образование зборуваше Станка Славенска, зам. директор на Педагошкиот завод на Република Македонија

* * *

На иницијатива на невработените социолози, кон крајот на 1996 година, при Здружението на социолозите на Република Македонија се формира посебна Секција на невработените социолози чија основна цел ќе биде преземање на конкретни активност за афирмација на професијата социолог и во тој правец, и за вработување на социолозите.

* * *

Здружението на социолозите на Република Македонија на 05.04.1997 година го одржа своето трето редовно годишно собрание. На собранието беа усвоени извештаите за досегашната работа на Здружението и за финансиското работење. Собранието избра и ново Претседателство на Здружението на социолозите, Надзорен одбор и Суд на честа. За претседател на Здружението беше избран Миле Гиновски, за потпретседатели м-р Зоран Матевски и Лиле Колевска, за секретар Константин Миновски, а за членови Гордана Трајкова, Михаил Рочески, Виолета Петковска, Јулија Цоневска и Лилјана Николовска. За членови на Надзорниот одбор беа избрани д-р Илија Ацески (претседател), Маја Хеско и Зорица Стаменковиќ, а во судот на честа д-р Петре Георгиевски, м-р Аница Драговиќ и м-р Васил Плушкоски.

На Собранието беа доделени и признанија на особено активни и заслужни членови на Здружението. Признанија им беа доделени на д-р Јован Корубин, Жаклина Карагошева - Поп Илиева и Томе Филипов.